ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 27-234/10**

**Дата: 04.12.2013**

**ДО**
**ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА**
**УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА УРОЛОГИЈА**
**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

**Резиме**

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за Урологија (во понатамошниот текст Универзитетската клиника) на сметката за средства од донации за 2012 година.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Универзитетската клиника за годините кои претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

Изразено е мислење без резерва во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба во финансиските извештаи и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики за 2012 година.

Во 2012 година склучен е договор за донација помеѓу Универзитетската клиника - прималел на донација и Novartis Pharma Services Inc. - давател на донација. Со ревизијата е констатирано дека сметката за средства од донации е отворена во рамките на трезорската сметка на Фондот за здравствено осигурување на Македонија. Предмет на договорот е донација, односно доброволно и безусловно давање на финансиски средства од страна на давателот на донација на примателот на донацијата, заради унапредување и поддржување на дејноста и едукативните активности на примателот на донацијата кои се од јавен интерес.

Од страна на одговорното лице во законскиот рок не се добиени забелешки на констатациите од Нацрт извештајот.

*Ревизорски тим* | *Овластен државен ревизор*

____________________ | ____________________

____________________

____________________

**Вовед**

1.1. Извршивме ревизија на приложениот финансиски извештај прикажан на страна 6 заедно со ревизија на усогласеност на Универзитетската клиника на сметка за сопствени средства кој се состоји од Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансискиот извештај.

1.2. Ревизијата на финансискиот извештај од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Универзитетската клиника за годините кои претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансискиот извештај од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на Универзитетската клиника застапувана од:

- Проф. Д-р Живко Попов в.д. директор од 08.07.2008 година до 07.03.2012 година и
- Прим. Д-р Михаил Пенев, в.д. директор од 07.03.2012 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансискиот извештај кој што е ослободен од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансискиот извештај се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансискиот извештај од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа

одговорност вклучува и изразување мислење за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансискиот извештај се во сите материјални аспекти во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Универзитетската клиника се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансискиот извештај е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансискиот извештај е ослободен од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансискиот извештај е изготвен, во сите материјални аспекти во согласност со применливата рамка за финансиско известување.
Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансискиот извештај кој е предмет на овој извештај се заснова врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансискиот извештај е ослободен од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки на добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансискиот извештај. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на

ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансискиот извештај без разлика дали се резултат на измами или грешки.
При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансискиот извештај со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансискиот извештај. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

2.4. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 30.06.2013 до 30.09.2013 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Универзитетската клиника за годините кои претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Универзитетската клиника на ден 19. 09. 2013 година.
Од страна на одговорното лице во законскиот рок не се добиени забелешки на констатациите од Нацрт извештајот.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештај

Според наше мислење, финансискиот извештај ја претставуваат вистинито и објективно во сите материјални аспекти финансиската состојба на Јавната

здравствена установа Универзитетска клиника за Урологија, Скопје на ден 31.12.2012 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансискиот извештај на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за Урологија, во сите материјални аспекти е во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**ЈЗУ Универзитетска клиника за урологија Скопје**
**Сметката на средства од донација (485)**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2012 година**

| | | **во 000 денари** |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2012** | **2011** |
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 112 | 0 |
| **Вкупно приходи** | **112** | **0** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 112 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | **112** | **0** |
| | | |
| **Вкупно расходи** | **112** | **0** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **0** | **0** |

*Ревизорски тим* *Овластен државен ревизор*